**ЈП за комунални дејности**
**“КОМУНАЛЕЦ”- КИЧЕВО**

**Транзитен Пат бр. 34** **Тел. +389 71 221 505**
**Ж- сметка - 200000003438739** **ЕДБ- 4012989104619**
**e-mail: jpkomunalec@gmail.com**

# СТАТУТ
## НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ “КОМУНАЛЕЦ” - КИЧЕВО

КИЧЕВО, Мај 2019 година

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
Ndërmarrja Publike për Veprimtari Komunale "KOMUNALEC" p.p.
Бр./Nr. 01-1069/1
17 05 2019 год.
КИЧЕВО - KËRÇOVË

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавни претпријатија, Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец- Кичево, на седницата одржана на 06. 12. 2013 донесе

# С Т А Т У Т
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ КОМУНАЛЕЦ КИЧЕВО
**(пречистен текст)**

## I .ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Статутот на Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец – Кичево се уредува организацијата на Јавното претпријатие, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување .

**Член 2**

Општина Кичево е основач на Јавното претпријатие и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законите и други прописи.

**Член 3**

Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец – Кичево ( во натамошен текст Јавното претпријатие) е основано за вршење комунални дејности од јавен интерес за подрачјето на Општина Кичево.

**Член 4**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.
Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка во рамките на дејностите кои се запишани во надлежниот регистар.
За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка Јавното претпријатие одговара со својот имот.

**Член 5**

Во работењето на Јавното претпријатие службени јазици се македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и албанскиот јазик и неговото писмо.

**Член 6**

При вработувањето во Јавното претпријатие задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат критериумите на стручно образование и работно искуство.

**Член 7**

Јавното претпријатие е основано со Одлука на Собрание на Општина Кичево бр.08-4936/1 од 13.11.1989 год. како Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец- Кичево. **Јавното претпријатие од 01. 07. 2013год. е организирано со Одлука на Советот на Општина Кичево за припојување на ЈП Пастертија - Зајас , ЈП Бисер – Вранештица , ЈП Хигена – Другово , ЈП Хигиена - Осломеј, ЈП Естетика 2002 – Зајас, на ЈП Комуналец – Кичево, бр. 07 – 1771/5 од 25. 06. 2013 година како Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец – Кичево.**

## II. ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 8**

Полното име на фирмата на Јавното претпријатие гласи
Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ – Кичево
Ndërmarrja publike për veprimtari komunale KOMUNALEC - Kërçovë
Скратен назиф на фирмата гласи
ЈП КОМУНАЛЕЦ - КИЧЕВО
NP KOMUNALEC- KËRÇOVË

**Член 9**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Кичево, Транзитен пат бр. 34.

**Член 10**

За промена на фирмата и седиштето на Јавното претпријатие одлучува Управниот одбор а одлуката е важечка по добиена одлука за давање согласност од Советот на Општина Кичево.

**Член 11**

Јавното претпријатие има печат и штембил.
Печатот има форма на круг со пречник од 32 мм. во кој на македонски јазик со кирилско писмо и албански јазик и писмо е напишан текстот
Јавно претпријатие за комунални дејности Комуналец – Кичево
Ndërmarrja publike për veprimtari komunale Komunalec - Kërçovë
Штембилот има форма на правоаголник со големина 60 x 30 мм во кој хоризантално на македомски јазик со кирилско писмо и албански јазик и писмо е напишан назив и седиште на претпријатието, со празен простор за впишување на бројот и датумот на актот кој се издава

Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
За комунални дејности Комуналец
Për veprimtari komunale Komunalec
Број, Numër
Дата, Data
КИЧЕВО, KËRÇOVË

**Член 12**

Претпријатието има знак , логотип на Јавно претпријатие Комуналец – Кичево и симбол кој претставува стилизација на планина и река. Симболот не смее да се преправа и не смее да се користи во друг фонт.

**Член 13**

Бројот на печатите и штембилот, начинот на нивната употреба, чување и уништување ја одредува Директорот на Јавно претпријатие со одлука согласно Закон.
За употреба и чување на печатот на Јавно претпријатие е одговорно лицето кое ќе го одреди Директорот.

## III. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Член 14**

Во рамките на своите овластувања Јавното претпријатие го застапува и претставува Директорот.

Директорот може преку писмено полномошно да овласти друго лице да го застапува и претставува Јавното претпријатие.

Содржината и обемот на овластувањето од став 2 на овој член го определува Директорот.

## IV. ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 15**

Основни дејности на Јавното претпријатие се:

36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода
37.00 - Отстранување на отпадни води
38.11 – Собирање на безопасен отпад
38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад
42.21 - Изградба на комунални објекти за течности
47.81 – Трговија на мало со храна и пијалоци и тутунски производи на тезги и пазари
47.82 – Трговија на мало на тезги и пазари со текстил, облека и обувки
81.30 – Услужни дејности за уредување и одржување на животна средина
96.03 - Погребни и слични дејности

Други дејности

35.11 - Производство на електрична енергија
42.99 - Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место
42.91 - Изградба на хидро градежни објекти
43.22 - Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
43.29 - Други градежно инсталатерски работи
43.31 - малтерисување
43.32 - Поставување на подни и ѕидни облоги
43.39 – Останати специјализирани градежни работи неспомнати на друго место
43.99 - Останати специјализирани градежни работи неспомнати на друго место
43.34 - Бојадисување и застаклување

11.07 - Производство на освежителни пијалаци, производство на минерална вода и друга флаширана вода
01.30 – Одгледување на саден материјал
68.32 – Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор
82.11 – Комбинирани канцалариски и административни услужни дејности
52.21 - Други придружни активности во копнениот сообраќај

**Член 16**

Јавното претпријатие дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин , работата е јавна и транспарентна во согласност со законски прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.
Јавното претпријатие е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално- финансиско работење, согласно Законот, Статутот и Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 17**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста, заради која е основано, да ја врши на начин на кој се обезбедува техничко- технолошко и економско единство на системот, ефикасност и транспарентност во работењето, развој, заштита и унапредување на добрата од општ интерес, трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги.

**Член 18**

Јавното претпријатие се организира во сектори и одделенија

Директор
Заменик директор

- Помошник директор за економски и правни прашања
- Помошник директор за технички работи
- Самостоен советник на директорот

(1) Во рамки на ЈП како самостојни организациони единици се формираат
**1. Одделение за поддршка на директорот**
**2. Одделение за внатрешна ревизија**

1. **СЕКТОР ЗА ПРАВНИ , ОПШТИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

1.1 Одделение за правни и општи работи
1.2 Оддел за општи работи
1.3 Одделение за управување со човечки ресурси
1.4 Одделение за обезбедување

2. **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА**

2.1 Одделение за финансии и сметководство
2.2 Одделение за комерција
2.3 Одделение пазари

3. **СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

3.1 Одделение за јавни набавки
3.2 Одделение за користење на ЕСЈН

4. **СЕКТОР ЗА НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА**

4.1 Одделение за утврдување и наплата на побарувања
4.2 Одделение за прекинување на комунални услуги

5. **СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ И РАЗВОЈ**

5.1 Одделение за развој
5.2 Одделение за информатички технологии

6. **СЕКТОР ЗА ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА И ИЗГРАДБА**

6.1 Одделение за санитарна контрола и дезинфекција на водата
6.2 Одделение одржување водовод - Кичево
6.3 Одделение одржување водовод – Зајас
6.4 Одделение одржување водовод – Осломеј
6.5 Одделение за изградба и одведување на урбани отпадни води
6.6. Одделение за пречистување на урбани отпадни води
6.7 Одделение за градежништво

7. **СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

7.1 Одделение за собирање, транспорт , депонирање и селекција на комунален отпад
7.2 Одделение за паркови и одржување на јавно прометни површини
7.3 Одделение за управување со гробишта

## 8. СЕКТОР МЕХАНИЗАЦИЈА

8.1 Одделение за одржување
8.2 Одделение Диспечерски центар

## 9. СЕКТОР ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

9.1 Одделение за јавни паркиралишта
9.2 Одделение за подигање на возила (пајак служба)

**Член 19**

Основање на нови организациони сектори и одделенија, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со измена на актот за основање и постапка утврдена со закон.

**Член 20**

Внатрешната организација на секторите и одделенијата се уредуваат по предлог на директорот со Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за комунални дејности Комуналец – Кичево , кој го донесува Управениот Одбор .

## VI. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 21**

Органи на Јавното претпријатие се

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално- финансиско работење
- Директор

## 1. УПРАВЕН ОДБОР

**Член 22**

Орган на управување на Јавното претпријатие е Управниот одбор.Управниот Одбор на Јавното претпријатие се состои од 11 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Кичево од редот на афирмирани и познати стручни лица во областа на предметот на работењето на Јавното претпријатие, имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

Мандатот на членовите на Управен одбор не може да биде подолг од четири години . По завршување на мандатот исто лице не може да биде именувано за член на Управен одбор.

**Член 23**

Управниот одбор од редот на членовите избира претседател и заменик претседател.
Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор се уредува со Деловник.
Претседателот на Управниот Одбор ги свикува седниците, се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа .

**Член 24**

Управниот одбор на Јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на Јавното претпријатие во согласност со Закон.
Управниот одбор на Јавното претпријатие ;

- го донесува Статутот на Јавното претпријатие
- го донесува Правилникот за организација и систематизација на работните места
- донесува Правилници и други акти согласно законски прописи
- го утврдува текстот на Колективниот договор
- ја усвојува Програмата за работа и развој
- ја утврдува деловната политика
- го донесува Финансискиот план
- го донесува годишниот План за јавни набавки
- ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на Јавното претпријатие
- го разгледува шестмесечниот извештај за работа со финансиски податоци од Директорот
- одлучува за распределба на средствата остварени со работењето и за покривање на загубите
- одлучува за отпис и спорни побарувања
- одлучува за статусни промени
- донесува одлуки за инвестиции и основни средства
- донесува одлуки за компнзации , цесии и други видови законски плаќања
- ги утврдува цените за комунални услуги и друг вид на услуги кои ги врши Јавното претпријатие
- одлучува за службени патувања во странство на Директорот

- донесува одлуки и мерки за заштита и унапредавање на животна средина
- донесува одлуки за задолжување со кредити
- донесува одлуки за финансиска помош и спонзорства согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности
- донесува одлуки по приговори на работници , во случаи утврдрни со Закон
- донесува одлуки за формирање на комисии и помошни тела
- донесува одлуки за овластени потписници на Јавното Претпријатие
- врши други работи утврдени со Закон и други акти.

**Член 25**

Управниот одбор работи на седници, а полноважно работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови на Управниот одбор.
Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.
Секој член на Управниот одбор има еден глас.

**Член 26**

Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор се уредува со Деловник.

**Член 27**

За вршење на својата функција членовите на Управниот одбор имаат право на надомест. Право на надомест имаат и лицата кои ги подготвуваат материјалите за седниците на Управниот одбор.
Надоместокот на членовите на управниот одбор се исплатува за одржана седница.
Висината на надоместокот ја утврдува Управниот одбор со одлука , во зависност од финансиската состојба на Јавното Претпријатие, но не повеќе од 15% од трикратен износ од просечно исплатена нето плата во Република Македонија во претходните три месеци, а истата ќе се применува по добиена согласност од Советот на општина Кичево.

**Член 28**

Членовите на Управниот одбор, членовите на Надзорниот одбор и Директорот ако донесат и извршат одлука за која знаеле или морале да знаат дека ги повредува интересите на Јавното Претпријатие, одговараат солидарно и неограничено за штетата настаната со одлуките. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## 2. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

**Член 29**

За вршење на контрола на материјално финансиското работење на Јавното Претпријатие согласно Законот за јавни претпријатија, Советот на Општина Кичево именува 5 члена во Надзорниот одбор.
За член на Надзорниот одбор се именува лице со високо образование кое поседува знаење и искуство од финансиско и сметководствено работење.

**Член 30**

Надзорниот одбор од редот на членовите избира претседател и заменик.
Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.
Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седниците на Управниот одбор

**Член 31**

На членовите на Надзорниот одбор , претседателот на Управен одбор им доставува материјали за седница на Управниот одбор , кога на дневен ред е одлучување од надлежност на Надзорен одбор.
Надзорниот одбор задолжително ги разгледува годишните и периодичните сметки и извештајот за работењето на Јавното Претпријатие и дава мислење на Управниот одбор.
Управниот одбор не може да ги усвои годишните или периодичните сметки и извештајот за работењето ако не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

**Член 32**

Надзорниот одбор задолжително одржува седници по секое сметководствено тримесечје или најмалку 4 пати годишно.
За резултатите од извршената контрола на материјално- финансиското работење ,
Надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор и надлежниот орган во Општина Кичево.

**Член 33**

За вршење на својата функција членовите на Надзорниот одбор имаат право на надоместок.

Висината на надоместокот ја утврдува Управниот одбор , согласно критериумите за надомест утврдени во член 27 од Статутот.

**3.ДИРЕКТОР**

**Член 34**

Орган на раководење на Јавното Претпријатие е Директорот.

Директорот го избира врз основа на јавен конкурс Градоначалникот на Општина Кичево, со мандат од 4 години.

**Член 35**

Директорот ги врши следните работи:

- го застапува и претставува Јавното Претпријатие пред надлежни институции и форуми
- издава полномошна за застапување на Јавното Претпријатие
- ги одредува раководните работници
- го организира и раководи процесот на работа
- ја предлага внатрешната организација и систематизација на работни места
- предлага акти, планови , програми и одлуки кои ги донесува Управниот одбор
- донесува одлуки за реализација на Планот за јавни набавки во тековната година
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Управниот одбор
- ја предлага Програмата за работа и развој на Јавното Претпријатие
- поднесува извештај за резултатите од работењето на Јавното Претпријатие
- одобрува јавни набавки без оглас за доделување на договор за јавна набавка во висина на денарска противвредност од 2000 евра, месечно
- склучува договори за реализација на Програмата за работа и развој и за тековно работење
- склучува договори за работа со работници и донесува одлуки за отказ на договорот за работа
- издава налози, упатства и наредби со кои се обезбедува работењето на Јавното Претпријатие
- формира комисии

- изрекува дисциплински мерки согласно Законот за работни односи и Колективниот договор
- одлучува за вработување на работници
- одлучува за службени патувања во земјата и странство на работниците, за платени и неплатени отсаства на работниците
- одлучува за зголемување на основица на плата за работници согласно Колективниот договор ( награди)
- го организира информирањето на работниците, одбраната, обезбедувањето, безбедноста и здравјето на работниците како и управувањето со кризи согласно Закон
- информирање на вработените со забраната за вршење на вознемирување на работно место ( мобинг)
- одлучува за користење на авансни парични средства на работниците, за еднократна финансиска помош и други непредвидени трошоци во итни случаи, во висина од 100.000 денари ( стоилјадиденари), за кои на наредната седница го информира Управниот одбор.
- врши други работи согласно Закон, овој Статут и акти на Јавното Претпријатие

**Член 36**

Директорот на Јавното Претпријатие може да склучи договор за вработувае на деловни лица ( менаџерски договор) со Градоначалникот на Општина Кичево во кој можат поинаку да ги уредат правата, обврските и одговорностите од работен однос.
Директорот за својата работа одговара пред Градоначалникот на Општина Кичево.

**Член 37**

Директорот на Јавното Претпријатие може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран

- на лично барање
- не ја остварува Програмата за работа на Јавното Претпријатие
- не работи согласно Закон, Статут и други акти
- утврдена е вина за нанесена штета на Јавното Претпријатие

**Член 38**

До именување на Директор, Градоначалникот именува Вршител на должноста Директор на Јавното Претпријатие, но не подолго од шест месеци.

**Член 39**

Директорот може да определи вработен во Јавното Претпријатие кој го заменува во негово одсаство да го води тековното работење, со полномошно.
Ополномоштеното лице го заменува директорот на Јавното Претпријатие во негово отсаство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кој ќе го овласти Директорот.

## 4. РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ

**Член 40**

Раководни работници се: Заменик директор, помошниците на Директорот , Помошниот директор за правни, финансиски и комерцијални работи, помошниот директор за технички работи , со посебни овластувања и одговорности.
Раководните работници ги одредува Директорот, согласно Правилникот за
Раководните работници ја водат и организираат работата во секторите и одделенијата под нивна надлежност, ги спроведуваат упатствата , налозите и наредбите на Директорот.

## 5. КОМИСИИ И ТЕЛА

**Член 41**

За остварување на одредени права , обврски и одговорности на работниците и корисниците на комунални услуги, Управниот одбор ги формира следните комисии

- Комисија за работни односи ( дисциплинска одговорност, боледувања )
- Комисија за спорни сметки од корисници.

По потреба можат да се формираат и други комисии во Јавното Претпријатие
Мандатот на комисиите трае колку мандатот на Управниот одбор.
Комисијата ја свикува Претседателот на комисијата кој раководи со истата.

## VII. ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 42**

Општи акти на Јавното Претпријатие се

- Статут
- Деловник за работа на Управниот одбор
- Колективен договор
- Правилник за внатрешна организација

- Правилник за систематизација на работни места
- Правилник за плати, надоместоци на плата и други примања на работниците
- Правилник за безбедност и здравје на работниците
- Правилник за вршење на работните задачи во Одделението за обезбедување и ПП заштита
- Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на лични податоци
- Правилник за деловна тајна
- Кодекс за однесување на вработените

Во Јавното Претпријатие се донесуваат и други општи акти согласно Закон.

**Член 43**

Општите акти ги предлага Директорот а ги донесува Управниот одбор.
Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и со овој Статут.
Толкување на општите акти дава Управниот одбор

**Член 44**

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти иницира Директорот, Управниот одбор, Надзорниот одбор и мнозинскиот Синдикат.
Директорот и Управниот одбор ја ценат оправданоста на иницијативата.

**Член 45**

Прифатената иницијатива се доставува до стучната служба , која во разумен рок подготвува предлог на општиот акт.
Општиот акт мора да биде во согласност со закони и овој Статут.
Општиот акт по донесувањето се објавува на огласна табла и влегуваат во сила со денот на донесувањето, а доколку е потребна согласност од Советот на Општина Кичево, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласност

## VIII. РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

1. Имот и средства на Јавното претпријатие

**Член 46**

Имотот на Јавното претпријатие го сочинуваат
- недвижен имот - земјиште и објекти,
- основни средства, водоводни и канализациони линии

- парични средства и други права

**Член 47**

Средствата за работа на Јавното претпријатие се обезбедуваат

- Приходи кои ги остварува од комунални и други услуги
- Буџет на Општина Кичево
- Кредитни средства , донации и други извори на средства согласно Закон

**Член 48**

Јавното претпријатие до Советот на Општина Кичево доставува
1.Статут на јавното претпријатие и статусни промени
2.Програми за работа и развој на јавното претпријатие
3.Годишна сметка и извештај за работењето на јавното претпријатие
4.Одлука за задолжување на јавното претпријатие
5.Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените
6. тромесечни усвоени извештаи за финансиското работење , најдоцна 20 дена по истекот на тромесечието
7. Годишна инвестициона програма, усогласена со вкупниот развој

**Член 49**

За позитивно работење и развој на Јавното претпријатие , односно за трајно и континуирано вршење на дејноста, квалитетот на услугите и зголемување на успешноста на работењето Управниот одбор на предлог на Директорот донесува Програма за работа и развој .
Советот на Општина Кичево дава согласност на Програмата за работа и развој и истата може да ја дополни и измени во интерес на Јавното претпријатие.
За реализација на Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие одговорен е Директорот.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Член 50**

Јавното претпријатие го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услугата како битна претпоставка за своето работење во комуналната дејност во Општина Кичево.
Актите на Јавното претпријатие кои се од значење за корисниците на услугите се донесуваат од Советот на Општината и истите се објавуваат во Службен гласник.

Јавното претпријатие е должно за својата работа и услугте кои ги дава редовно да ја информира јавноста преку средства за информирање и на друг погоден начин.

**Член 51**

Јавното претпријатие е должно редовно, навремено, целосно да ги информира работниците за сите дејствија во врска со работењето и развојот, како и за остварување на нивните права.
Работниците во Јавното претпријатие се информираат на состаноци, огласна табла или на друг начин.

## X. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 52**

За деловнота тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и податоците кои Јавното претпријатие ги соопштило до надлежен орган.
Податоците што претставуваат деловна тајна можат да се соопштат само со одлука на Управен одбор.
Не се смета за повреда на деловната тајна ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи, организации или лица на кои се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управен одбор, ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 53**

Податоците што претставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на Јавното претпријатие .

Користењето на податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користат од овластени лица само во просториите на Јавното претпријатие.

Оддавањето на деловната тајна претставува тешка повереда на работните обврски.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 54**

Со влегување во сила на овој Статут , престануваат да важат Статутот на Јавното претпријатие за Комунални дејности Комуналец – Кичево бр. 01-658 од 27.05. 1998 год. Статутарните одлуки за изменување и дополнување на Статутот бр.02-107/2

од 31.01.2006год и 02- 3155 од 24.09. 2010 год. Статутот на Јавното претпријатие за вршење на комунални дејности Пастертија – Зајас бр.07- 54/1 од 05.10. 2000 година, Статутот на Јавното Претпријатие за комунални дејности Хигиена Другово бр.01-46/1 од 20.10.2008 год.

Статутот на ЈП"Комуналец" – Кичево, бр. 01- 310/2 од 11.02. 2014 г. е изменет со Статутарна одлука на Управен одбор бр.02-359/8 од 27.02. 2019 во **член 15 став 1 точка, се додава нова дејност - 52. 21 Други придружни активности во копнениот сообраќај. Советот на Општина Кичево има дадено согласност на Статутарната одлука за измена , со Одлука бр. 08- 957/7 од 23.04.2019 година.**

**Член 55**

Овој Статут влегува во сила и ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кичево.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

**mr. Мухамед Махмуди**

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
Ndërmarrja Publike për Veprimtari Komunale "KOMUNALEC" p.p.

Бр./Nr. 02-359/8
27 02 2019 год.
КИЧЕВО - KËRÇOVË

Врз основа на иницијатива за измена на Статутот на ЈП Комуналец – Кичево Согласно член 19 од Законот за Јавните претпријатиа (Сл.весник на РМ 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18) Управниот Одбор, на седницата одржана на 27.02.2019 година донесе:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**За измена на Статутот на ЈП „Комуналец„-Кичево**

1. Во Статутот на ЈП „Комуналец„-Кичево, бр.01-310/2 од 11.02.2014 година во член 15 став 1 се додава нова дејност – 52.21 Други придружни активности во копнениот сообраќај
2. Пречистениот текст гласи:

**Член 15**

36.00- Собирање, обработка и снабдување со вода
37.00 - Отстранување на отпадни води
38.11– Собирање на безопасен отпад
38.21- Обработка и отстранување на безопасен отпад
42.21- Изградба на комунални објекти за течности
47.81– Трговија на мало со храна и пијалоци и тутунски производи на тезги и пазари
47.82– Трговија на мало на тезги и пазари со текстил, облека и обувки
81.30– Услужни дејности за уредување и одржување на животна средина
96.03- Погребни и слични дејности
52.21- Други придружни активности во копнениот сообраќај

Други дејности
35.11 - Производство на електрична енергија
42.99 - Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место
42.91 - Изградба на хидро градежни објекти
43.22 - Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди

Në bazë të iniciativës për ndryshimin e Statutit të NP Komunalec – Kërçovë në Pajtim me nenin 19 të Ligjit për Ndërmarrjet Publike (Gazeta zyrtare e RM 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18) Këshilli Drejtues, në mbledhjen e mbajtur më datë 27.02.2019 miratoi:

## VENDIM STATUTAR

**Për ndryshimin e Statutit të NP "Komunalec" Kërçovë**

1. Në Statutin e NP "Komunalec"-Kërçovë, nr. 01-310/2 prej më datë 11.02.2014 në nenin 15 paragrafi 1 shtohet një veprimtari e re – 52.21. Aktivitete të tjera shoqëruese në komunikacionin tokësor.
2. Teksti i rafinuar domethënë:

**Neni 15**

36.00 – Mbledhja, përpunimi dhe furnizimi me ujë
37.00 – Mënjanimi i ujërave të zeza
38.11 – Mbledhja e mbetjeve të parrezikshme
38.21 – Përpunimi dhe mënjanimi i mbetjeve të parrezikshme
42.21 – Ndërtimi i objekteve komunale për lëngje
47.81 – Tregtia me pakicë e ushqimeve dhe pijeve dhe produkteve të duhanit në tezga dhe tregu
47.82 – Tregtia me pakicë e tezgave dhe tregu me tekstil, veshje dhe këpucë
81.30 – Veprimtari shërbyese për rregullimin dhe mirëmbajtjen e mjedisit jetësor.
96.03 – Aktivitete varrimi dhe të ngjajshme
52.21 – Aktivitete të tjera shoqëruese në komunikacionin tokësor.

Veprimtari të tjera
35.11 – Prodhimi i energjisë elektrike
42.99 – Ndërtimi i objekteve të tjera të ulëta që nuk janë të përmendura në vende tjera
42.91 – Ndërtimi i objekteve ndërtimore hidro
43.22 – Vendosja e instalimeve të ujësjellësit, kanalizimit dhe gazit dhe instalimi i ngrohjes dhe kondicionerëve.

43.29 - Други градежно инсталатерски работи
43.31 - Малтерисување
43.32 - Поставување на подни и ѕидни облоги
43.39 – Останати специјализирани градежни работи неспомнати на друго место
43.99 - Останати специјализирани градежни работи неспомнати на друго место
43.34 - Бојадисување и застаклување
11.07 - Производство на освежителни пијалаци, производство на минерална вода и друга флаширана вода
01.30 – Одгледување на саден материјал
68.32 – Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор
82.11– Комбинирани канцалариски и административни услужни дејности

43.29 – Punë të tjera instaluese dhe ndërtimore
43.31 – Lyerje
43.32 - Montimi i mbulesave dysheme dhe muri
43.39 – Punime ndërtimore të tjera të specializuara që nuk janë përmendur në vend tjetër.
43.99 - Punime ndërtimore të tjera të specializuara që nuk janë përmendur në vend tjetër.
43.34 – Ngjyrosje dhe lustrim
11.07 – Prodhimi i pijeve freskuese, prodhimi i ujit mineral dhe ujë tjetër i flashuar.
01.30 – Mirëmbajtja e materialit të mbjellur.
68.32 – Menaxhimi me pasuritë e patundshme me honorar ose në bazë të marrëveshjes
82.11 – Aktivitete të kombinuara të shërbimit të zyrave dhe administratës

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето на Одлука за давање согласност на дополната на Статутот на ЈП „Комуналец„- Кичево, од Советот на Општина Кичево.

3. Vendimi hyn në fuqi me ditën e miratimit të Vendimit për dhënie të pëlqimit për plotësimin e Statutit të NP "Komunalec" – Kërçovë, nga Këshilli i Komunës së Kërçovës.

**Управен одбор-Këshilli drejtues**
**Претседател-Kryetar**
**мr-Muhamed Mahmudi**

Јавно претпријатие за комунални дејности / Ndërmarrja publike për veprimtari komunale "КОМУНАЛЕЦ" ц.о. "KOMUNALEC" p.p. Кичево / Kërçovë

Јавно претпријатие за комунални дејности "КОМУНАЛЕЦ" ц.о.- Кичево
Ndërmarrja Publike për Veprimtari Komunale "KOMUNALEC"p.p. - Kërçovë

| Примено / E pranuar | 09 05 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia organiz. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 02 | 841/1 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 година) и член 23 од Статутот на Општина Кичево ("Службен гласник на Општина Кичево" бр .09/2013 година), Советот на Општина Кичево на 20-та седница, одржана на 23.04.2019 година ја разгледа Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈП „Комуналец" Кичево и по одржаната расправа, донесе:

ОДЛУКА

За давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈП „Комуналец" Кичево

1.Со оваа Одлука се усвојува Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈП „Комуналец" Кичево

2. Усвоениот Статутарна Одлука од точка 1 на оваа Одлука е составен дел на Заклучокот , не се објавува во "Службен гласник на Општина Кичево", а се чува во архивата на Советот на Општина Кичево.

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кичево".

4. Примерок од Одлуката да се достави до ЈП „Комуналец" Кичево архивата на Советот на Општина Кичево.

Бр. 08-957/7
23.04.2019 година
К и ч е в о

Совет на Општина Кичево
Претседател/
Аќиф Медиу/

Në bazë të nenit 36 paragrafi 1 pika 1 të Ligjit për vetëqeverisje lokale ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.5/02) dhe neni 23 nga Statuti i Komunës së Kërçovës ("Fletorja zyrtare e Komunës së Kërçovës" nr.09/2013), Këshilli i Komunës së Kërçovës në mbledhje e 20-të, e mbajtur më dt.23.04.2019 e shqyrtoi Vendimin Statutar për ndryshim të Statutit të NP "Komunalec" Kërçovë , dhe pas diskutimit të mbajtur, solli:

VENDIM

Për dhënien e pëlqimit për Vendimin Statutar për ndryshim të Statutit të NP "Komunalec" Kërçovë

1.Me këtë Vendim miratohet Vendimi Statutar për ndryshim të Statutit të NP "Komunalec" Kërçovë

2.Vendimi Statutar i miratuar nga pika 1 e këtij Vendimi është pjesë përbërse e Konkluzionit, nuk shpallet në "Fletoren Zyrtare të Komunës së Kërçovës", kurse ruhet në arkivin e Këshillit të Komunës së Kërçovës.

3.Vendimi hyn në fuqi në ditën e sjelljes ,dhe do të shpallet në "Fletore zyrtare të Komunës së Kërçovës"

4.Kopje nga Vendimi, të dorëzohet te NP"Komunalec" Kërçovë dhe arkivi i Këshillit të Komunës së Kërçovës.

Nr. 08-957/7
Dt. 23.04.2019
Kërçovë

Këshilli i Komunës së Kërçovës
Kryetar,
Aqif Mediu